Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП-1/2022

Дата. 04-04-2022

Арх. знак
Рок на чување
20 год.
Потпис

**Предмет:** Одговор на претставка со арх.бр. УПП-1/2022 на анонимни граѓани од с. Вруток Општина Гостивар од 04.01. 2022 година.

Претставка заведена под архивски број УПП-1/2022 доставена од анонимни граѓани од с. Вруток, Општина Гостивар на ден 04.01.2022 година во врска со пријава против легализација на бесправно изграден објект- рестотант„ Бурими" с. Вруток, Општина Гостивар.

Министерството за животна средина и просторно планирање ја проследи претставката по службена должност до Општина Гостивар со барање на мислење како првенствено надлежен орган на државна управа (локална самоуправа) на ден 05.01.2022 и до Сектор за води – Управа за животна средина во рамките на Министерството за животна средина и просторно планирање на ден 21.02.2022 година.

**Општина Гостивар се произнесе на ден 16.02.2022 година со следното мислење:**

- Во Инспекторатот за градежништво на Општина Гостивар е утврдено дека за погореименуваниот објект не е поведена инспекциска постапка од нивна страна;
- Инспекторатот за градежништво за утврдување на правниот статус на ресторантот „Бурими" во с. Вруток побарал по службена должност мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање во врска со со што министерството се произнело со мислење за продолжување на постапката со дадени упатства со арх.бр.11-2588;
- Согласно упатставта од Министерството за животна средина и просторно планирање, на барање на Инспекторатот за градежништво на Општина Гостивар за поставување на септичка двозонска јама, барателот за легализација на погореименуваниот објект ја поставил септичката двозонска јама согласно законските прописи од страна на адекватна институција, меѓудругото е обезбедена и согласност од Институтот за јавно здравје на РСМ;
- Инспекторатот за градежништво во постапката за легализација на бесправно изградениот објект, побарал со Геодетски елаборат да се утврди местото на главната цевка за која е направен истиот со потврда од ЈП Комуналец,
- Согласно исполнување на условите од добиеното мислење на Министерството за животна срдина и просторно планирање, Инспекторатот за градежништво повторно побарал барање мислење од претходнонаведеното министерство врз основа на кое истото се произнело со мислење бесправно изградениот објект да добие правен статус;


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- Во постапкта за утврдување на погореименуваниот бесправен објект, барателот на истиот доставил Изјава заверена кај нотар каде што изјавува дека во случај на природна непогод нема да бара обештетување од ниеден државен орган;
- Советот на Општина Гостивар донел Одлука за неинкорпорирање на објектот, што подразбира дека објектот може да добие правен сатус, но истиот нема да се вклопи во идниот план за селата , што подразбира нема да може во иднина да се води постапка за отуѓување на градежно земјиште;
- Објектот „Бурими" предмет на постапката за утврдување на правен статус се наоѓа во втората заштитена зона според Одлуката за определување на заштитени зони за води во изворот, заштитни мерки, начинот на поставување за заштитни зони како и картографски приказ, СЛ Весник на РСМ бр.89/2018

**Секторот за води – Управа за животна средина се произнесе на ден 01.04.2022 година со следното мислење:**

- Согласно одредбите од Законот за води, Секторот за води при Управата за животна средина има направено увид во доставената документација и утврдено е дека бесправниот угостителски објект – ресторант кој е предмет на легализациа е изграден и се наоѓа во крајбрежниот појас на реката Вардар и е во границите на втората заштитена зона на изворот Вруток кој е во интерес на јавното водоснабдување на вода наменета за консумирање од страна на човекот, за градот Гостивар и околните населени места.

- Согласно член 18 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" бр.23/2011, 54/2011, 155/2012, 53/2013, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015 и 217/2015), Министерството за животна средина и просторно планирање е должно да даде мислење во постапката за легализациа на објекти изградени во прва и втора санитарно заштитна зона на извори на вода за пиење со оглед на што прибавени се две мислења од **Министерството за здравство – ЈЗУ Инститт за јавно здравје на Република Македонија** како надлежен орган во постапката за изработување и одобрување на Елаборат за определување на заштитни зони со тех. Бр. 0903-330/3 изработен од Градежен Институт „Македонија" АД-Скопје и **ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија.**

- **Согласно мислењето од ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија со бр. 09-25553/2 од 04.08.2017 година, функционирањето на угостителскиот објект-ресторант може да се дозволи, само под следните услови:**

1. Да има соодветна диспозиција на отпадните води, односно да има приклучок на отпадните води на канализационен систем или прописно изградена двокоморна септичка јама со договор за редовно чистење со ЈКП Комуналец Гостивар;


Министерство за животна средина и просторно планирањеРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

2. Соодветна диспозиција на цврстиот отпад и договор за истото со ЈКП Комуналец Гостивар и притоа да се исклучи можноста за загадување на површинските и подземните води.

Имајќи го предвид горенаведеното мислење, Секторот за води-Управа за животна средина во рамките на Министерството за животна средина и просторно планирње смета дека Општина Гостивар може да продолжи со постапката за легализација на бесправниот изграден угостителски објект-ресторант доколку барателот ги исполни горенаведените услови.

**По овластување на Министер**

**Раководител на Сектор за правни и општи работи**
Билјана Тешева Ѓоргиевска

Изработил: Анета Михајловска


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk